„Вечер", 12.10.2000, 11523

**БОРИС НИКОЛОСКИ – СКУЛПТОР, 40 ГОДИНИ ТВОРЕШТВО**

# ОСАМЕН, СО ИНДИВИДУАЛЕН СКУЛПТОРСКИ ИЗРАЗ

***● НЕ МЕ ИНТЕРЕСИРААТ СОВРЕМЕНИТЕ СЛУЧУВАЊА ВО СВЕТОТ. ЗАТВОРЕН СУМ ВО АТЕЛЈЕТО, НО ТАА ЗАТВОРЕНОСТ МЕ ПРАВИ ПОСЕБНА ИНДИВИДУА СО СВОЈ СКУЛПТОРСКИ ИЗРАЗ – ВЕЛИ НИКОЛОВСКИ***

**Скулпторот Борис Николоски, деновиве, со изложбата поставена во Културно информативниот центар, го одбележа својот 40-годишен јубилеј. Роден е 1935 година во Прилеп, а дипломирал на Академија за ликовна уметност во Љубљана. Од 1960 година редовно изложува во ДЛУМ, а добитник е и на повеќе награди.**

– Да се доживее 40-годишен јубилеј не е мала работа и причинува големо задоволство. Имам прилично голем опус и јас сум задоволен од сето тоа што сум го направил, иако сметам дека можев многу повеќе да направам, доколку општеството ме ангажираше повеќе – вели, помалку резигнирано Николоски.

**● Што мислите, која е причината поради која не сте биле доволно ангажиран?**

– Не бев ангажиран затоа што моето гледање и сфаќање за скулптурата многу се разликуваше од општо прифатените стандарди. Моите скулптури денеска, иако сѐ уште недоволно, ги прифаќаат, но во 60-тите години истите тие скулптури ги отфрлаа. Едноставно, тоа не беше мое време.

**● Најчесто кога уметниците одбележуваат јубилеј практикуваат да направат ретроспективна изложба. Зошто вие не направивте ретроспектива?**

– Јас барав и сакав да направам ретроспектива. Имам над 300 творби и сакав да ги прикажам сите. Сите тие дела ми се поделени во целини, меѓутоа за жал не најдов таков голем простор и затоа се определив за овој простор во КИЦ, каде е прикажана една целина што ја сочинуваат птици, пеперутки, желки и гасеници кои главно се создадени во последните 10 години, меѓутоа има и некои скулптури од 80-тите. Затоа би можело да се каже дека оваа изложба е ретроспектива за 20 години или еден вид скратена ретроспектива.

**● Со оглед на тоа дека во вашето творештво присутни се и творби работени во метал, зошто на јубилејнава изложба презентирате само дрвени скулптури?**

– Затоа што во последно време најчесто работам во дрво. Тоа е интимна пластика и делата што ги создавам се чисто индивидуални.

**● Во однос на стилските и тематските определби колку вашето творештво било подложно на промени?**

– Човекот не се менува. Во својот израз индивидуата си е секогаш иста. Моето чувство, моето јас, моето его може да се види во сите мои скулптури. Кога се зафаќам за една област, јас ја анализирам доаѓам до некој резултат со помош на формата на скулптурата, а потоа преминувам на друга област. Не се шаблонизирам, иако во сите мои скулптури има елеганција, симетричност, грубост...

**● За вас е познато дека не ве интересираат актуелните тенденции во скулптурата и дека сам и изолирано доаѓате до одредени искуства и сознанија. Зошто?**

– Интелектуално не сѐ интересирам за современите случувања во светот. Јас со тие интересирања завршив на академијата и повеќе



*МОЖЕВ ПОВЕЌЕ ДА НАПРАВАМ, ДОКОЛКУ ОПШТЕСТВОТО МЕ АНГАЖИРАШЕ ПОВЕЌЕ: БОРИС НИКОЛОСКИ*

сознанија не ми се потребни. Сега сакам да избегнам од работата со дрво и да се зафатам со работа во глина, тука да го дооформам, или да го доискажам насобраното знаење што го имам. Сметам дека не сум ѝ посветил доволно внимание на глината, а таа дава големи можности за искажување. Затворен сум во ателјето и осамен, но таа затвореност ме прави да бидам посебна индивидуа со свој скулпторски израз.

**●Како ја оценувате состојбата во македонската ликовна уметност денес?**

– Состојбата во ликовната уметност е многу раздвоена, би рекол кантонска. На пример, некои личности од Музејот за современа уметност во себе носат некоја препотентност, некоја величина и се замислуваат како да се некои Медичи. Располагаат со огромен простор, а ако вие побарате таму да изложувате тоа некако ќе ги изненади – како тоа вие сте се осмелиле да го побарате тоа! Од друга страна го имаме МАНУ. Тие, пак, мислат дека создаваат елитна уметност или уметност за елитата, но тоа сепак е просечна уметност, да не речам кич на елитата и од третата страна остануваат некои галериички и колонии, но тие толку многу се намножија што дури претставуваат опасност за ликовната уметност. На колониите има по над 30 уметници од странство, но, каде е тука размената на уметниците. Ако каниме толку странци, треба и наши уметници да одат во тие земји. Се однесуваме како да сме земја, во најмала рака, која располага со нобеловски фонд.

**Г. Донакова – Станковиќ**